МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Состанок на Тематската група *Социјална вклученост: Рурална младина*

| | |
|---|---|
| ***Датум и локација:*** | 15.12.2018, Скопје |
| ***Присутни:*** | Претставници на главната канцеларија на МРР на РМ и 22 претставници на граѓанските организации – членки на МРР на РМ: АртиКрафт, ЦЕЛОР, Биовита, Еековита, КРУНАПЛУС, ИРРЗА, ДМ Ленгуиџес, АБЕР 2015, Хорт Еко, Полимат 13, Моја Фарма, Амброзија, Солза, Рурална Коалиција. |
| ***Дневен ред:*** | • Регистрација на учесниците<br>• Претставување на тематските групи во рамките на МРР<br>• Презентација за состојбата со младите во руралните средини во РМ<br>• Дискусија<br>• Кафе пауза<br>• Презентација за Студиски круг-алатка за учење<br>• Дискусија за идни планови и активности<br>• Коктел |
| ***Забелешки од состанокот:*** | Состанокот го отвори претседателот на Мрежата за рурален развој на РМ, Петар Ѓоргиевски, со претставување на тематската работа како концепт во рамките на МРР. Тој ги презентираше темите и под-темите за работните групи, кои беа идентификувани како резултат на долгогодишното искуство на МРР од работењето во областа на руралниот развој. Дополнително објасни кој може да учествува во тематските групи и на кој начин ќе се одвива работата и комуникацијата во рамки на групите, кои се креирани врз основа на принципот оддолу – нагоре и произлегуваат од трите главни стратешки цели на МРР: застапување, вмрежување и градење на сопствените капацитети. Исто така, тој истакна дека од витална важност за МРР на РМ, за поефикасно и поефективно општество, се конкурентните рурални области, зелената рурална економија, социјалната вклученост како и LEADER/CLLD пристапот.<br><br>Васко Хаџиевски даде вовед во тематската група за рурална младина, изнесувајќи бројни податоци од спроведени истражувања, поврзани со вклученоста на младите во работењето на граѓанските организации и во донесувањето политики на локално ниво. Како релевантни и загрижувачки факти, од спроведените истражувања, г-дин Хаџиевски ги наведе следните:<br><br>• Младите не разликуваат што е младинска политика и политичко управување;<br>• 7%  од младите знаат што е социјална инклузија;<br>• 62% од младите не биле ангажирани за решавање на локален проблем;<br>• Волонтирањето и практикантството се ретка појава за младите во руралните средини;<br>• 68,3% од средношколците сметаат дека ништо не можат да променат во општеството;<br>• 83,5%  од младите немаат посетено локална самоуправа;<br>• Модернизацијата;<br>• Носењето на одлуки е индивидуално;<br>• Да се запрашаме самите ние колку правиме, односно се организираме за социјалното вклучување, поврзување и припаѓање на младите во ГО;<br>• Колективните идентитети и вредности (родова и фамилијарна) се исто така проблем кај младите (родова бизарност) и идентитетот на личноста. |

ул. Коста Веселиновбр.3А, 1000 Скопје
Т. +389 2 3075 506 | Ф. +389 2 3075 503 | Е. info@ruralnet.mk | www.ruralnet.mk

Исто така, тој сподели дел од искуството стекнато преку работата со младите во руралните средини во Источниот и Југоисточниот дел на Македонија, истакнувајќи го фактот дека вклученоста на младите во креирањето политики е многу мала како резултат на малата информираност за можностите и начинот на нивно вклучување.Како исклучок ја наведе општината Струмица каде младите се повеќе запознаени со поимот социјална вклученост како последица на постоењето на поголем број на активни граѓански здруженија. Истовремено препорача дека е потребно поголемо привлекување на младите во граѓанските организации и поттикнување на волонтаризам преку поврзување на младите со бизнис секторот.На крајот од презентацијата г-дин Хаџиевски истакна дека фокусот треба да се стави на земјоделието (аграрот) и на производството на органска храна, за кое своја поддршка даде и г-дин Петар Ѓоргиевски, претседател на МРР на РМ.

Презентацијата поттикна богата дискусија и размислувања за актуелните проблеми на младите во руралните средини.

- Данче Митева од з.г. ДМ Ленгуиџес ја искажа својата согласност за важноста на темата и истакна дека е од особено значење приближувањето на младите до граѓанските организации.
- Надица Маџирова, одз.г.Полимат 13, како актуелен проблем ја нагласи миграцијата на младите од руралните средини и се согласи дека тематската група на МРР може да помогне во поголемо вклучување на младите во граѓанските организации.
- Ана Марија Теохарова од з.г. Амброзија, се надоврза на претходниот коментар, посочувајќи ги економските услови и политизираноста како главните причини за миграцијата на младите и додавајќи дека постоењето на апатија и пасивност кај младите е главниот проблем на кој треба да се дејствува.
- Јасминка Пашалиска – Андонова, од з.г. Амброзија, даде идеја за иницирање на ТВ дебата за младите во руралните средини.
- Лилјана Јоноски, од з.г. Рурална коалиција, сподели информација за настан во Струмица кој неодамна се организирал за ученици од средното земјоделско училиште, каде од 50 ученици само еден се изјаснил дека би се занимавал со земјоделство. Оттука како препорака, таа ја истакна потребата од јакнење на свеста кај младите за придобивките и значењето на земјоделскиот сектор, преку споделување искуства и позитивни практики од другите земји.
- Томе Тимов од з.г. Хорти Еко, истакна дека размената на искуства и знаење, како и организирањето на студиски посети во другите европски земји, може значително да придонесе кон подигање на свеста кај младите и нивно задржување во руралните средини.
- Лиде Стојановска, од АртиКрафт, истакна дека миграцијата на младите е голема не само во руралните средини туку и во помалите градови во земјава. Како една од причините таа ја посочи слабата организираност на културно-социјалниот живот и непостоењето на културни и забавни настани кои ќе ги привлечат младите.

По кафе паузата, Александра Тодоровска, од Мрежата за рурален развој го презентираше концептот за Студиски кругови како алатка за стекнување нови знаења и вештини, која потекнува од Скандинавските земји и успешно функционира повеќе од еден век. Таа ги објасни основните принципи на Студиските кругови и текот и условите за работа на истите. Како методологија, Студиските кругови со извесни модификации би можеле да се искористат во работата на тематските групи на МРР.

На крајот од дискусијата, Петар Ѓоргиевски ги поттикна присутните да размислат за нивниот

| | |
|---|---|
| | интерес за вклучување во тематската група за руралната младина, како и да одредат координатор и записничар на групата. Тој дополни дека следната средба ќе се одржи следната година, додека фреквентноста на работењето на тематските групи ќе биде водена од интересот за темата. |
| ***Заклучоци и идни активности:*** | За координатор на групата е избрана Лиде Стојановска од АртиКрафт.<br>За записничар на тематската група е избрана Зујца Газепова од КРУНА ПЛУС. Записничарот во соработка со МРР на РМ треба да го подготви записникот за иницијалниот состанок на тематската група за рурална младина. |
| ***Записничар:*** | Александра Тодоровска, МРР на РМ<br>Зујца Газепова, КРУНА ПЛУС |